Сашо Клековски
sasho@klekovski.mk

Роден е на 13 април 1966 година во Скопје. Завршил Медицински факултет во Скопје . Оженет со Ана и има две деца Ангелина и Никола. Неговото искуство е дваесетгодишна работа на раководни позиции во граѓанскиот сектор. На крајот на осумдесеттите и почетокот на деведесеттите ги води
Сојузот на студентите по медицина на Македонија
и
Сојузот на студентите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“
. Во 1993 година е еден од основачите, а од 1994 година до јуни 2011 година е извршен директор на Македонскиот центар за меѓународна соработка. Од 1998 до 2008 година е застапник на
Македонската развојна фондација за претпријатија
. Тој е член на повеќе комитети во Македонија и во странство, вклучувајќи и во Управниот одбор на
Транспарентност Македонија
. Потпретседател е на Деловниот совет на
Универзитетот Американ колеџ - Скопје
. Тој е прв ко-претседател на
Заедничкиот консултативен комитет на граѓанското општество
меѓу Европската Унија и Република Македонија за периодот 2009-2010 година. Тој има длабоки разбирања и знаења за граѓанското општество во Македонија. Има искуство на Балканот, како и во Кавказ (Грузија), Централна Азија (Казахстан, Киргистан). Тој има знаења и вештини за секторски анализи, анализи на организации и управување, развој на капацитети, застапување, управување со конфликти и постконфликтен одговор.

http://mk.linkedin.com/in/sashoklekovski/